# Montepulciano 2011




Суво црвено вино со контролирано и гарантирано потекло. Добиено е од сортата Montepulciano, од сопствените насади на винаријата Камник, одгледувани со особено внимание и примена на методот на намалување на родот. Ова вино се карактеризира со длабока рубин црвена боја, која се истакнува преку винификацијата со 3% Вранец, 2% Merlot и 2% Syrah. Мирисот е интензивен, со арома на зрела капина, дудинка и дива вишна. Вкусот е маркантен, на почетокот воведува со експлозија на комбинирани вкусови на капучино, тутун и фини нишки на чад, завршувајќи со интересен послевкус на овошен џем. Хармоничните киселини и меките сомотести танини му овозможуваат на виното капацитет за повеќегодишно созревање.

Се служи на температура од 16-17°C, во комбинација со специјалитети од црвено месо, пате од гуска со слатко од кромид, или со одбрани јаки сирења.

Алкохол: 14,1% Vol.

Полнето: Јануари, 2014